**УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" – ШТИП**
**ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИРОДНИ И ТЕХНИЧКИ НАУКИ**

UDC 622:55:574:658 ISSN 185-6966

# Природни ресурси и технологии
# Natural resources and technology

## ноември 2013
## november 2013

**ГОДИНА 7**
**БРОЈ 7**

**VOLUME VII**
**NO 7**

**UNIVERSITY "GOCE DELCEV" – STIP**
**FACULTY OF NATURAL AND TECHNICAL SCIENCES**

# ПРИРОДНИ РЕСУРСИ И ТЕХНОЛОГИИ
# NATURAL RESOURCES AND TECHNOLOGY

**За издавачот:**
Проф. д-р Зоран Панов

| | |
|---|---|
| **Издавачки совет** | **Editorial board** |
| Проф. д-р Саша Митрев | Prof. Saša Mitrev, Ph.D |
| Проф. д-р Зоран Панов | Prof. Zoran Panov, Ph.D |
| Проф. д-р Борис Крстев | Prof. Boris Krstev, Ph.D |
| Проф. д-р Мирјана Голомеова | Prof. Mirjana Golomeova, Ph.D |
| Проф. д-р Благој Голомеов | Prof. Blagoj Golomeov, Ph.D |
| Проф. д-р Зоран Десподов | Prof. Zoran Despodov, Ph.D |
| Проф. д-р Дејан Мираковски | Prof. Dejan Mirakovski, Ph.D |
| Проф. д-р Кимет Фетаху | Prof. Kimet Fetahu, Ph.D |
| Проф. д-р Ѓорѓи Радулов | Prof. Gorgi Radulov, Ph.D |
| | |
| **Редакциски одбор** | **Editorial staff** |
| Проф. д-р Зоран Панов | Prof. Zoran Panov, Ph.D |
| Проф. д-р Борис Крстев | Prof. Boris Krstev, Ph.D |
| Проф. д-р Мирјана Голомеова | Prof. Mirjana Golomeova, Ph.D |
| Проф. д-р Благој Голомеов | Prof. Blagoj Golomeov, Ph.D |
| Проф. д-р Зоран Десподов | Prof. Zoran Despodov, Ph.D |
| Проф. д-р Дејан Мираковски | Prof. Dejan Mirakovski, Ph.D |
| | |
| **Главен и одговорен уредник** | **Managing & Editor in chief** |
| Проф. д-р Мирјана Голомеова | Prof. Mirjana Golomeova, Ph.D |
| | |
| **Јазично уредување** | **Language editor** |
| Даница Гавриловска-Атанасовска | Danica Gavrilovska-Atanasovska |
| (македонски јазик) | (macedonian language) |
| **Техничко уредување** | **Technical editor** |
| Славе Димитров | Slave Dimitrov |
| Благој Михов | Blagoj Mihov |

| | |
|---|---|
| **Редакција и администрација** | **Address of the editorial office** |
| Универзитет „Гоце Делчев” - Штип | Goce Delcev University - Stip |
| Факултет за природни и технички науки | Faculty of Natural and Technical Sciences |
| ул. „Гоце Делчев“ 89, Штип | Goce Delcev 89, Stip |
| Р. Македонија | R. Macedonia |

## СОДРЖИНА

**Николинка Донева, Зоран Десподов, Дејан Мираковски, Марија Хаџи Николова**
ПОДОБРУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА КАРПЕСТАТА МАСА СО ИНЈЕКТИРАЊЕ ........ 5

**Стојанче Мијалковски, Зоран Десподов, Цветан Ѓорѓиевски, Горан Богдановски, Дејан Мираковски, Марија Хаџи-Николова, Николинка Донева**
СОВРЕМЕНИ ТЕКОВИ НА ГЕОДЕЗИЈАТА ВО ПОДЗЕМНОТО РУДАРСТВО ........ 15

**Елена Панева, Дејан Мираковски, Борис Крстев, Горан Басовски**
МЕТОДОЛОГИЈА ЗА МОНИТОРИНГ НА ЕМИСИЈА НА НЕОРГАНСКИ ЦВРСТИ ЧЕСТИЧКИ ВО ВОЗДУХОТ ОД ДЕПОНИЈА ЗА ОТПАД ........ 21

**Горан Басовски, Борис Крстев, Елена Панева, Бранка Петровска**
ПАРАМЕТРИ ЗА МОНИТОРИНГ И ЕФЕКТИВНА ЗАШТИТА ОД СУША ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ........ 31

**Марија Хаџи-Николова, Дејан Мираковски, Николинка Донева**
ПОЛИТИКА ЗА КОНТРОЛА И УПРАВУВАЊЕ НА БУЧАВАТА ВО УРБАНИ СРЕДИНИ ........ 39

**Марјан Попандонов, Дејан Крстев, Горан Попандонов, Александар Крстев, Борис Крстев**
МОЖНИ РЕСУРСИ ЗА РЕЦИКЛИРАЊЕ ОД ИНДУСТРИСКИ И ЕЛЕКТРОНСКИ ОТПАДИ СО СОВРЕМЕНИ ТЕХНОЛОГИИ ........ 51

**Сашка Голомеова, Винета Сребренкоска, Силвана Жежова**
ТРЕТИРАЊЕ НА ЦВРСТ ТЕКСТИЛЕН И КОМУНАЛЕН ОРГАНСКИ ОТПАД ........ 67

**Петар Намичев, Екатерина Намичева**
УРБАНИОТ КОНЦЕПТ НА ГРАДОТ ОД 19 И
ПОЧЕТОКОТ НА 20 ВЕК ВО МАКЕДОНИЈА ........................................ 77

**Петар Намичев, Екатерина Намичева**
ОСНОВНИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ НА УРБАНИОТ
КОНЦЕПТ НА НОВО СЕЛО – ШТИПСКО ВО 19 И
ПОЧЕТОКОТ НА 20 ВЕК ........................................................................ 85

**Васка Сандева, Катерина Деспот**
КОРИСТЕЊЕ НА ЛИКОВНИТЕ ПРИНЦИПИ ВО
ЕКСТЕРИЕРНИОТ И ЕНТЕРИЕРНИОТ ДИЗАЈН
(ВРЗ ПРИМЕРОТ НА ЕДИНСТВО И КОНТРАСТ) ................................ 95

**Катерина Деспот, Васка Сандева**
ДЕКОРАТИВЕН ДИЗАЈН ВО ЕНТЕРИЕРОТ И
ЕКСТЕРИЕРОТ ........................................................................................ 103

UDC: 74
Стручен труд

# КОРИСТЕЊЕ НА ЛИКОВНИТЕ ПРИНЦИПИ ВО ЕКСТЕРИЕРНИОТ И ЕНТЕРИЕРНИОТ ДИЗАЈН (ВРЗ ПРИМЕРОТ НА ЕДИНСТВО И КОНТРАСТ)

**Васка Сандева[1], Катерина Деспот[1]**

**Краток извадок**

Дизајнот како процес може да преземе многу форми во зависност од предметот што се дизајнира и индивидуалецот или индивидуалците кои учествуваат во креирањето на тој процес.

Во контекст на применетата уметност, архитектурата, пејзажната уметност и други креативни дејности, дизајнот е и именка и глагол. Дизајнот во неговиот глаголски контекст е процес на создавање и развивање на план за естетски и функционален предмет, за што е потребно соодветно истражување, размислување, моделирање, приспособување и редизајн. Како именка, дизајнот се користи и како финален план за дејство (цртеж, модел или друг опис) или резултат на следење на тој план за дејство.

**Клучни зборови:** *дизајн, екстериер, ентериер, уметност*

1) Универзитет „Гоце Делчев", Факултет за природни и технички науки, Штип, Р. Македонија
University "Goce Delcev", Faculty of Natural and Technical Sciences, Stip, R. Macedonia

# USE OF ARTISTIC PRINCIPLES EXTERIOR AND ENTERIERNIOT DESIGN

(examples of unity and contrast)

**Vaska Sandeva, Katerina Despot**

**Abstract**

Design as a process can take many forms depending on the object being designed and the individual or individuals involved in the creation process. In the context of applied art, architecture, landscape art, and other creative activities, and design is a noun and a verb. Design in its verb context is the process of creating and developing a plan for aesthetic and functional object, which requires proper research, thought, modeling, customization and re - design. As a noun, design is used as a final action plan (drawing, model or other description) or the result of monitoring of the action plan.

**Key words:** *design, exterior, interior, art*

**Пејзажен дизајн (екстериер)** - Пејзажниот дизајн претставува комбинација од уметност и наука. Познавањето на растителните видови, фенологијата, нивниот изглед (хабитус), нивните животни потреби во однос на потребен простор, почвени својства, светољубивост, сенкоподносливост итн. се дел од работите што пејзажниот дизајнер мора да ги познава. Секако, тука е и уметничката компонента, познавање на елементите на уметноста и на принципите на дизајнот, како и постоењето на талент, чувства за убавина и естетика што ќе помогнат да се формира функционален, естетски и пријатен пејзаж што ќе овозможи пријатен престој во него.

**Применета уметност (ентериер)** - Применетата уметност се однесува на примената на дизајн и естетика врз предмети за секојдневна употреба. Додека фината уметност служи за интелектуална стимулација на посматрачот или академски сензибилитети, применетата уметност содржи дизајн и креативни идеи создадени врз базата на ликовни елементи и принципи. Полињата како индустриски дизајн, графички дизајн, моден дизајн, внатрешно уредување, декоративна уметност и функционална уметност се сметаат за дел од применетата уметност.

Користењето на ликовните принципи, покрај тоа што се главни изразни средства во ликовната уметност, тие се карактерни за сите видови

уметности, преку кои се бара трансформација на една територија од Земјината површина во уметничко дело.

Познавањето и почитувањето на принципите ја олеснува работата, влева чувство на сигурност кај оној што дизајнира, обезбедува стручност и со тоа се разбира квалитет. Во однос на поставувањето на каков било дизајн, овие принципи се: повторување, хармонија, контраст, градација, рамнотежа, движење и ритам, пропорции, единство, композиција. Нивното познавање и користење прави дизајнот да е во заедничка врска и ништо да не се издвојува од целината и служи како основна база за изработување и реализација на добро идејно решение.

Специјален акцент на целата разработка од ликовните принципи ќе насочиме врз единството, контрастот и колоритот, кои се користат во дизајнот на екстериер и ентериер од нивната појава па сè до денес.

**Единство**

Единството се смета за основен закон во сите уметности и се прифаќа како хармонично поврзување на основните со второстепените елементи на сите решенија во екстериерот и ентериерот. Единството е најбитниот фактор за да се одреди концептот на дизајнот.

Постојат два вида единство: елементарно и доминантно.

*Елементарно* – кога сите елементи во композицијата се исти или со исто значење по димензија, боја, форма и др.

Ако еден од елементите на композицијата се постави во централниот дел спрема другите, тогаш станува доминантен, а сите останати елементи не само што ќе се покорат туку и ќе станат покорни еден на друг. Ако тој елемент доминира не само со положбата, туку и со својата големина и форма и друг елемент над останатите, тогаш зборуваме за сложена доминанта.

Кога ќе се запостави единството тогаш се раздробува целината на секое дизајнерско решение. Ова најчесто се случува поради три основни причини. Прво, не е постигнато единство ако се работи „на делови”. Второ, ако во дизајнерската екипа не постои едноумие т.е. ако имаат различни гледишта за една иста композиција. Третата причина за нарушено единство најчесто е сврзана со погрешно планирање на финансиските средства.

Зачувувањето на единството е една од основните животни потреби на секој организам. Од најстари времиња е познато дека во единството е силата. Дизајнеерското решение мора да има единство. Тоа значи ред и хармонија (слики 1 и 2).

Единството во дизајнерското решение треба да е целосно. На тој начин обединетите разлики или едиството во разликите стануваат мошне значаен фактор за квалитетот на творбата.

Пред прашањето за единството треба да се решат ритамот, рамнотежата и тоа дали творбата ќе се темели врз хармонија или контраст, па ако дотогаш не е постигнато едиство да се определи елементот што во дадената положба може да го изврши обединувањето.

**Контраст**

Контрастот значи изразена спротивност. Во овој уметнички принцип елементите се спротивставуваат или имаат тенденции за спротивставување со обратни квалитети. Во дизајнот не се препорачува прекумерното користење на контрастот, затоа што тоа води до хаос во композицијата и создава неудобност на луѓето т.е. посетителите.

Поимот контраст е спротивставен на поимот хармонија. Контрастот ги прави разликите појасни, повидливи, ги потенцира и акцентира одделните содржини, внесува повеќе динамика, ја збогатува композицијата и што е за нас најважно, контрастот ја засилува експресијата. Контрастот влијае директно и посилно врз емоциите на гледачот, отколку хармонијата. Поради овие карактеристики, контрастот како вонредно ефикасно средство за израз е прифатен и широко користен во дизајни.

Непогрешен контраст во екстериерот (слика 3) се добива со комбинација на дрвја и грмушки, сребрена декорација на листовите со дрвја и грмушки кои имаат пурпурно-црвена или златно-жолта нијанса.

Контрастот се добива при спротивставување на темно со светло. Контрасти можат да се добиваат со комбинирање на форми, бои и текстури (слика 4). Овие комбинации треба да бидат ретки, но силно да се изразат во композицијата и не треба да се повторуваат често.

Транзицијата од еден контраст на друг треба да се одвива непречено, постепено, незабележливо преку неутрален елемент или група од елементи.

При контрастот се бараат нагласени разлики во следните индикатори:

- помеѓу волумен (големи и мали);
- форми (пирамидална, кружна итн.);
- колорит;
- геометрија (испакнатини, вдлабнатини);
- хоризонтали и вертикали;
- светлина и сенка;
- структура;
- текстура.

**Контраст и единство**

Општо земено, контрастот е спротивен на единството. Тој е судир на најголемите разлики во еден елемент и како таков разделува. Може да

се јави во повеќе елементи во дизајнот. Во таков случај, за да се постигне единство треба еден од елементите да се стави во положба да доминира.

Контрастот може да биде распореден низ целото дизајнерско решение, па со повторување се постигнува единство или да биде концентриран во еден дел од идејата, најчесто во центарот. Во тој случај со својата јачина доминира и на тој начин ги обединува другите делови со што се постигнува единство во разлики.

Контрастот може лесно да доведе до раздор, поради што треба добро да се контролира.

Контрастот како решение е применлив за секоја ситуација, простор, односно композиција каде што изразот треба да биде појасен, почитлив, да се направи посилен впечаток. Меѓутоа, најсилните и директни контрасти во кои двете страни се еднакви по сила не се најдобри решенија, тие се груби, крути, тешки. Гледачот на нив малку се задржува. Тој бара повеќе динамика отколку во хармонијата, но и поблаг контраст или контраст во кој доминира една од силите. Последниот вид контраст, според разни истражувања во светот, има најмногу приврзаници и кај дизајнерите и кај гледачите.

## Заклучок

Врската на двата принципа - контраст и единство можеме да ја сумираме како изјава на творечко мислење во ентериер и екстериер, пред сè, како една животворна идеја и се добива резултат од креативен процес, кој со текот на времето од идеја прераснува во уметничко дело. Реализацијата на идејниот проект е тесно поврзана со основната замисла на дизајнерот, која се нарекува содржина на творбата и е мерило за нејзиниот квалитет. Процесот што се постигнува со структурата е од исклучителна важност, затоа што тој ја создава бараната форма односно начинот на постоење на содржината. Како и во уметноста, така и во дизајнот, неможе да се одреди апсолутната граница помеѓу содржината на почетната идеја и бараната замисла.

## Користена литература

Щилянов В., (2009) Парковото изкуство.
Стойчев Л., (1960) Парково и ландшафтно устройство.
Фомина Л., (1988) Основи на парковото изкуство.
Лазевски Б., Ликовна уметност.
Желева М. Д., (2000) Тектониката като теория на формата и формообразуването.

**Прилози**



***Слика 1.*** Единството е постигнато со традицијата од минатото и хармоничното единство на геометриските форми
***Figure 1.*** Unity is achieved in the tradition of the past and harmonious unity of geometric shapes



***Слика 2.*** Единството е постигнато со целосна хармонија помеѓу сите елементи во композицијата, обединети во една целина
***Figure 2.*** Unity is achieved with complete harmony between all elements in composition and united into a whole



***Слика 3.*** Ликовниот принцип контраст нуди спротивност на елементите со спротивни квалитети, каде што тие квалитети се појавуваат поинтензиво. Прикажаниот принцип во паркот е составување на контраст во колорит

***Figure 3.*** Art offers contrast principle opposed to elements of opposite qualities, where these qualities appear more intensive. Prikazaniot principle kostavuvanjeto park is the contrast in colors



***Слика 4***. Контраст според форма и боја

***Figure 4.*** Contrast in form and color